Јавна установа меѓуопштински
центар за социјална работа
Радовиш
Број 04-634/7 од 29.09.2023 година

Врз основа на член 212 став од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19) и член 20 – г и 20 - д од Закон за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18) и член 22 став 1, точка 9 од Статутот на Установата и Согласност број 18-7792/2 од 27.07.2023 од Министерство за фининаии, В.Д Директорот на Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш на ден 29.09.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за вршење избор на кандидати по пат на јавен оглас

Врз основа на огласот 1/2023 година, а заверен под број 04-634/2 од 14.09.2023 година на Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш за работно место социјален работник-стручен службеник од четврто ниво (водител на случај) и за работно место правник стручен службеник од петто ниво, за потребите на ЈУМЦСР Радовиш- 2 (два) извршители, врз основа на Предлог ранг листата број 04-634/6 од 28.09.2023 година го избира следниот кандидат:

1. Серхан Нанушев – дипломиран социјален работник, стручен службеник А4 ниво (водител на случај) , СО0303А04009.

2. Сандра Лазарова - дипломиран правник, стручен службеник А5 ниво, СО0303А05015.

Врз основа на член 212 став 18 од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19) по конечноста на одлуката за изборот, В.Д Директорот ќе склучи договор за вработување со избраниот кандидат.

Оваа одлука влегува на сила на денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на јавен оглас 1/2023 заверен под број 04-634/2 од 14.09.2023 година на Јавната установа меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, а кој беше објавен на ден 15.09.2023 година во 2 (два) дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, согласно член 212 став 17 од Законот за социјална заштита за избор на кандидати, изврши избор на 2 (два) извршители за работно место дипломиран социјален работник – стручен

службеник од четврто ниво (водител на случај) и дипломиран правник-стручен службеник од петто ниво.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволните кандидати, може да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од приемот.

Изработил:
Александар Филев _____
правник

Јавна установа меѓуопштински
центар за социјална работа
Радовиш

В.Д Директор
Александар Филев